Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/2** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2022 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци“ бр. 08/05...75/21),
Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци**

**за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши трансфер на финансиски средства во вкупен износ од 6.000.000,00 денари на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, и тоа со намена за:

- Износ од 5.000.000,00 денари за учество за набавка на патнички моторни возила –автобуси,
- Износ од 1.000.000,00 денари за учество за набавка на опрема(софтвер) за патнички моторни возила –автобуси.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ке се трансферираат на жиро сметка на на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, Програма Г1-поддршка на Локален економски развој, конто 464990.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци“.

**Бр.08-2766/2**
**28.04.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.05/02), член 12 од Законот за комунални дејности („Сл. Весник на РМ" бр. 95/12......31/16), член 22 став 2 Законот за Управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр.68/04....63/16 и „Сл. Весник на РСМ" бр.31/20), член 10 од Закон за Јавна чистота („Сл.Весник на РМ бр. 64/09........31/16,), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци" бр. 8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци бр.08-4875/20 од 20.12.2017 година („Сл.Гласник на Општина Кавадрци„ бр.4/2017, 65/20), се врши следната измена и дополнување:

Во член 136 во став 3 -Давателот на услуги„ЈП„ ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, после алинеја 3 СЕ ДОДАВАТ нови алинеји 4 и 5 кои гласат:

„-одржување на јавно осветлување,
-јавен општински превоз„;

Во останатиот дел Одуката останува непроменета .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл. Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2766/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за општински линиски превоз на патници во општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. **Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.**

**Бр.09-3006/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 16 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/2002), а врска со член 9, 19 и 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, ........163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 67/2022), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл гласник на Општина Кавадарци бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20, 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

# О Д Л У К А
## за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува општинскиот линиски превоз на патници, како комунална дејност од јавен интерес.

Член 2

Општина Кавадарци го уредува општинскиот линиски превоз како јавен превоз на патници при што особено утврдува:

1. Единствена мрежа на линии;
2. Единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;
3. Начин на организирање на контрола на сообраќајот на автобуските линии, како и евиденција за тоа;
4. Тарифен систем и систем на наплата и начин и контрола на наплата;
5. Локација на автобуските терминали, свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена;
6. Изградба, одбележување, опремување, одржување, користење на автобуски терминали, свртувалишта и стојалишта;
7. Одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет (8+1) седишта;
8. Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз на распределувањето на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.
9. Надзор;

10. Казнени одредби.

1. ЕДИНСТВЕНА МРЕЖА НА ЛИНИИ

**Член 3**

Во Општина Кавадарци се утврдува следната мрежа на линии:

| | |
|---|---|
| Линија бр.1 | Кавадарци-с.Ресава-с.Дабниште-с.Бегниште; |
| Линија бр.2 | Кавадарци –Глишиќ-Марена Сопот; |
| Линија бр.3 | Кавадарци-Шивец-Возарци-Дреново; |
| Линија бр.4 | Ваташа-Кавадарци-Глишиќ-Марена; |
| Линија бр.5 | Кавадарци-Манастирец-Паликура; |
| Линија бр.6 | Кавадарци-Страгово-Крњево-Чемерско-Бохула; |
| Линија бр.7 | Кавадарци-Страгово-Крњево-Горна Бошава-Долна Бошава-Конопиште-Бојанчишка станица; |
| Линија бр.8 | Кавадарци-Возарци-Мотел Дреново-Раец; |
| Линија бр.9 | Кавадарци-Рибарци-Росоман; |
| Линија бр.10 | Кавадарци-Бојанчишка станица-Мрежичко Рожден; |
| Линија бр.11 | Кавадарци-Возарци-Мотел Дреново-Дебриште-Трстеник; |
| Линија бр.12 | Кавадарци –Раец; |

**Член 4**

Превозот на патници согласно утврдената мрежа на линии од член 3 на оваа Одлука го организира Општина Кавадарци како единствен техничко-технолошки, економски и сообраќаен систем.

Превозот на патници во Општина Кавадарци го вршат превозници врз основа на лиценца издадена од Градоначалникот на Општината.

Носител на линискиот превоз на патници во Општина Кавадарци е Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ „ Кавадарци.

Бесплатниот превоз на ученици утврден со Законот за основното образование и Законот за средното образование на подрачјето на општината, каде што има утврден возен ред се врши од страна на носителот на дозвола за општински линиски превоз по цени и на начин утврден од Советот на Општина Кавадарци.

Превозникот кој има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превозот, откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определената линија кај Градоначалникот на Општината.

Лиценцата за вршење на општински линиски превоз на патници се издава со рок на важење од пет години.

Дозволата и возниот ред се издаваат со рок на важење од пет години.

**Член 5**

Превозниците, урбаните заедници, месните заедници, други институции и граѓаните можат да иницираат отворање на нови линии што не се содржани во мрежата на автобуски линии, продолжување и скратување на постојните автобуски линии.

За отворање на нови, продолжување, скратување и укинување на постојните автобуски линии одлучува Советот на Општина Кавадарци на предлог на Градоначалникот, ако се исполнети неопходните сообраќајно - технички и економски услови.

При иницијатива за отворање на нови линии, Општината води сметка новите линии да не се поклопуваат со старите линии на другите превозници и да имаат минимално временско растојание од 15 минути пред и 15 минути по постојните линии.

**Член 6**

Линијата во општинскиот линиски превоз на патници има свој број и назив.

Називот на линијата се означува со името на почетно - крајното свртувалиште.

Бројот на називот на линијата се поставува во возилото, на автобуските стојалишта и на автобуските свртувалишта.

Бројот на називот на автобуската линија е испишан на бела основа со црни печатни букви на македонски јазик со кирилско писмо.

Бројот и називот на автобуската линија се истакнуваат на предната и бочната десна страна на автобусот.

**Член 7**

Општинскиот линиски превоз се врши со единечни автобуси и со комби возила со најмалку 9 (8+1) седишта кои ги исполнуваат техничките станарди за вршење на превоз.

**Член 8**

Возилата со кои се врши општински линиски превоз на патници на надворешните бочни страни имаат натпис со називот и заштитниот знак на превозникот, испишан на бела основа со црна боја со кирилско писмо на македонски јазик.

Возилата со кои се врши општински линиски превоз на патници можат да имаат и рекламни натписи.

Рекламните натписи на возилата можат да се поставуваат само во согласност со важечките прописи кои се однесуваат на начинот на кој се поставуват реклами.

**Член 9**

Возилата во внатрешноста на возилото треба да имаат натписи и ознака за информирање на патниците и тоа:

1.Бројот на регистрирани места за седење и стоење;

2.Натпис и ознака “забрането пушење”;

3.Натпис со содржина “седишта првенствено наменети за инвалиди, мајки со мали деца и стари луѓе;

4.Одбележување на вратите за влез и излез на патниците.

## 2. ЕДИНСТВЕН ВОЗЕН РЕД, НАЧИН НА НЕГОВО ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ

**Член 10**

Возниот ред во согласност со мрежата на линии го изготвува превозникот/јавното претпријатие, а го регистрира Секторот закомунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина (во понатамошниот текст надлежниот општински орган).

Возниот ред и линијата се регистрира на име на превозникот и не можат да се пренесуваат на друг превозник.

**Член 11**

Возниот ред содржи:

-број и назив на линијата,

-почетно-крајни свртувалишта,

-време на доаѓање и поаѓање на возилата на почетно-крајните свртувалишта и

-рок на важење.

**Член 12**

Возниот ред во печатена форма превозникот го истакнува на почетно-крајните свртувалишта, во возилото и на попатните станици.

**Член 13**

Качувањето и слегувањето на патниците се врши само на автобуските стојалишта согласно со утврдениот и регистриран возен ред.

**Член 14**

При вршење на општинскиот линиски превоз на патници превозникот е должен во возилото да има лиценца, дозвола и регистриран возен ред во оригинал.

Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата.

**Член 15**

При реализација на возниот ред на секоја линија превозникот е должен да застанува само на автобуските стојалишта и свртувалишта со утврдениот и регистриран возен ред.

Во текот на возењето според возниот ред, превозот на определена линија може привремено да биде запрен поради прекинување на сообраќајот на трасата.

Превозникот е должен за привремено запирање на линијата веднаш да го извести надлежниот орган и јавноста преку средствата за јавно информирање.

Превозникот /Јавното претпријатие е должно возниот ред и секоја негова промена да ги објавува на својата веб страна и да ги истакнува на почетно-крајните свртувалишта и попатни стојалишта.

## 3. НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КОНТРОЛА НА СООБРАЌАЈОТ НА АВТОБУСИТЕ И ЛИНИИТЕ И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ТОА

**Член 16**

Контрола на сообраќајот на автобусите и линиите ја врши Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ „

Кавадарци, преку сопствената служба за контрола, како и овластен инспектор за патен сообраќај на Општината.

Евиденцијата за прибирање, обработување, чување и посредување со податоци за издавање на лиценци за вршење на овој вид на превоз, регистрација на возните редови како и податоци потребни за распределба на дозволи за превоз на патници врши надлежниот општински орган.

## 4. ТАРИФЕН СИСТЕМ И СИСТЕМ НА НАПЛАТА

### Член 17

Во општинскиот линиски превоз на патници се утврдува единствен тарифен систем.

Возните билети, цената на услугата, систем на наплата и начин на контрола на наплатата на превозната услуга се единствени и нивната примена е задолжителна.

Возните и претплатните билети ги обезбедува Јавното претпријатие.

### Член 18

Превозникот мора да продава возни билети на организирани места за продавање како што се автобуските станици и други организирани места .

Во возилото со кое се врши општински линиски превоз на патници треба да има подвижен (мобилен) апарат.

По исклучок од став 1 на овој член превозникот може да продава возни билети и во автобусот , таму каде нема организирани места за продажба при што е должен да издаде фискална сметка за продадените билети.

Превозникот и автобуската станица и други организирани места можат да продаваат возни билети само за одобрените линии за кои е издадена дозвола во согласност со одбрениот возен ред и цената.

Возниот билет што го издава превозникот содржи:

-назив на превозникот

-место на тргнување и пристигнување односно зона за вршење за општинскиот линиски превоз

-период на важење на билетот

-Цена на превозот.

Превозникот може на целата линија да врши превоз и со повеќе возила(бис возење).

### Член 19

За превозните услуги превозникот може да издава и преплатни билети (месечни и годишни).

**Член 20**

Ценовникот го утврдува и објавува превозникот и за тоа го известува надлежниот општински орган.

**Член 21**

За користење на услугите на превозот, патникот е должен во возилото да има поништен билет, претплатен билет, или друга возна легитимација.

Патникот е должен на барање на службеното лице во возилото да покаже возен билет кој е поништен за време на користење на услугата, исправен претплатен билет или друга исправна возна легитимација.

Патникот кој нема исправен билет, претплатен билет или друга легитимација должен е да плати казнен билет.

Доколку патникот одбие да плати казнен билет должен е да се легитимира пред персоналот на автобусот заради судска наплата на казнениот билет.

## 5. ЛОКАЦИЈА НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА, СТОЈАЛИШТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНА ИЗМЕНА

Член 22

Автобуски свртувалишта лоцирани на подрачјето на Општина Кавадарци се:

1.Автобуска постојка бр.1 со локација на ул."Страшо Пинџур" во Ваташа (која се наоѓа кај горниот мост до откупниот пункт) и

2.Автобуска постојка бр.2 со локација од двете страни на регионалниот пат Кавадарци-Неготино во с. Марена.

Попатни автобуски постојки за општински линиски превоз на патници:

1. Автобуска постојка бр.1 се одредува локација на ул,,Страшо Пинџур" во Ваташа –пред Иле Мак од едната страна на улицата;

2.Автобуска постојка број.2 на ул„Страшо Пинџур" во Ваташа – од двете страни наулицата кај училиштето;

3.Автобуска постојка бр. 3 на на ул„Страшо Пинџур" во Ваташа –од двете страни на улицата кај Карамбол;

4.Автобуска постојка бр. 4 на ул."Страшо Пинџур" во Ваташа-од двете старни кај Ваташката пошта;

5.Автобуска постојка бр.5 на ул."Страшо Пинџур" од едната страна кај зграда број 59Б;

6.Автобуска постојка бр.6 - на ул."7 Септември" спроти Дом на Култура„Иван Мазов Климе„Кавадарци;

7.Автобуска постојка бр.7 - на ул.”7 Септември” пред Градски Музеј Кавадарци;

8. Автобуска постојка бр.8 - на ул.”Шишка” кај Пела од едната страна на улицата;

9.Автобуска постојка бр. 9 - на ул.”Шишка” кај Расадникот од двете страни на улицата ;

10.Автобуска постојка бр.10 - на ул.”Шишка” кај Болницата од двете страни на улицата;

11.Автобуска постојка бр.11- на ул.”Шишка”кај куќен број 156, од двете страни на улицата;

12.Автобуска постојка бр.12- на ул.”Шишка” во нас. Глишиќ од двете страни на улицата;

13.Автобуска постојка бр. 13 - на ул.”Цано Поп Ристов” локација на Стара автобуска станица ;

14.Автобуска постојка бр.14 - на ул„Илинденска” кај „Екстра бус„ од двете страни на улицата;

15.Автобуска постојка бр. 15 - на ул,,Вељко Влаховиќ” кај Гранична полиција од двете страни на улицата;

16.Автобуска постојка бр.16 - на ул. Гоце Делчев” на потегот помеѓу бул.”Моша Пијаде” и ул.”Ѓуро Салај од двете страни на улицата;

17.Автобуска постојка бр. 17 - на ул.”Гоце Делчев” кај ТВ сервис на Перодршко од двете страни на улицата;

18.Автобуска постојка бр.18 - на ул.”Пионерска” кај ООУ“Тоде Хаџи Тефов” од двете страни на улицата;

19.Автобуска постојка бр.19 - на ул.”Народен Фронт” кај куќен број 32 (вториот триаголник)од двете страни;

20. Автобуска постојка бр. 20 - на ул. ”Слога” пред спојот со ул„Браќа Џунови„ од двете страни на улицата;

21.Автобуска постојка бр. 21 - на ул. ”Киро Крстев” кај Брушански мост од двете страни на улицата;

22.Автобуска постојка бр. 22 - Автобуска постојка бр. 20 - на ул. ”Киро Крстев” кај Таска од двете страни на улицата;

23.Автобуска постојка бр. 23 - на ул. ”Дисанска” кај градски стадион од едната страна на улицата;

24.Автобуска постојка бр.24 - на ул. ”Димката Ангелов Габерот”кај ООУ„Страшо Пинџур„од едната страна на улицата;

25.Автобуска постојка бр.25–на ул” Димката Ангелов Габерот” кај ООУ „Тошо Велков Пепето„од едната страна на улицата;

26.Автобуска постојка бр.26-ул„Блажо Алексов,,пред спојот со улицата „Ѓорѓи Соколов„ од едната страна на улицата;

27.Автобуска постојка бр.27-на ул„Булевар Моша Пијаде„(кај детската градинкаГоце Делчев) од двете страни на улицата;

28.Автобуска постојкабр.28-на ул„Западен булевар„кај сервис „Seно„ од едната страна на улицата;

29.Автобуска постојка бр.29 -град Кавадарци кон с.Возарци на влезот во с.Возарци;

30.Автобуска постојка бр.30 -на ул„Илинденска „пред куќен број 55 од едната страна на улицата;

31.Автобуска постојка бр.31 -на ул„8 ми Септември пред куќен број 22 од едната страна на улицата;

32.Автобуска постојка бр.32 -на ул„Вишешница„кај Градски Базен од едната страна на улицата;

33.Автобуска постојка бр.33 -на ул„Западен Булевар„кај Градска Капела на патот Кавадарци-Прилеп од едната страна на улицата;

34.Автобуска станица бр.34 -во село Марена после мостоткон с.Сопот од левата страна на улицата;

35.Автобуска постојка бр.35 -на ул„Ресавска„пред нова градинкаод двете страни на улицата;

36. Автобуска постојка бр.36 –на ул„Западен булевар„кај спортска сала Јасмин од двете страни на улицата;

37. Автобуска постојка бр.37 – на бул„Никола Минчев „ кај Котларата од двете страни на улицата;

---

## 6. ИЗГРАДБА, ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА И СТОЈАЛИШТА

### Член 23

Изградбата, обележувањето, опремувањето, одржувањето и користењето на терминалите, свртувалиштата и стојалиштата во општинскиот линиски превоз на патници го врши и уредува надлежниот општински орган.

### Член 24

Автобуските терминали, стојалишта и свртувалишта се обележуваат со табла.

Таблата од став 1 на овој член содржи: натпис на автобуското стојалиште и автобуското свртувалиште, како и други натписи што служат за известување на патниците (возен ред и сл.).

Таблата од став 1 на овој член се истакнува на видно место на самото автобуско стојалиште.

Коловозната површина на автобуските стојалишта и свртувалишта, се обележува со стандардната ознака ”БУС” со жолта боја, од страна на субјектот задолжен за обележување да улиците.

**Член 25**

Автобуските терминали, стојалишта и свртувалишта треба да имаат:

1. настрешница за заштита на патниците од атмосферски влијанија, изградена од погоден материјал;
2. број и назив на линиите што поаѓаат, доаѓаат и поминуваат од основното стојалиште или свртувалиште;

- автобуските терминали, стојалишта и свртувалишта можат да имаат и:

1.урбана опрема;

2.рекламни паноа;

3.други содржини.

**Член 26**

Надлежниот општински орган може да го определува со посебен акт видот и материјалот на опремата и другите содржини на терминалите, свртувалиштата и стојалиштата.

**Член 27**

Опремата на автобуските терминали, стојалишта и свртувалишта под услови и во согласност на Секторот за комунални работи, урабанизам, сообраќај и заштита на животната средина на Општина Кавадарци може да се користи за реклама, пропаганда и известување.

**Член 28**

Превозниците учествуваат во покривањето на трошоците за изработка и одржување на објектите на урбаната опрема, со процентот со кој учествуваат во релацијата на единствениот возен ред на мрежата на линии.

## 7. КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ И РАСПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ЛИНИИТЕ НА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНСКИОТ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ

**Член 29**

Постапката за добивање и одземање на дозвола на редовен линиски превоз на патници опфаќа одделни дејствија со кои определено правно и физичко лице коепоседува лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Кавадарци се стекнува со

право да врши превоз на патници на определена линија, согласно утврден и одобрен возен ред.

**Член 30**

Барањето за издавање на дозвола за општински линиски превоз на патници од страна на превозникот кој има одобрено возен ред за определена линија се поднесува до Секторот за комунални работи, урабанизам, сообраќај и заштита на животната средина на Општина Кавадарци.

Кон барањето превозникот поднесува Решение со кое му е одобрен возниот ред на линијата за која бара дозвола и регистриран возен ред издадени од Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Дозволата се издава во соодветен број на примероци колку што има одобрено поаѓања во возниот ред. По барање на превозникот можат да се издадат и повеќе примероци.

За издавање на дозвола за општинскиот линиски превоз на патници покрај решението и возниот ред превозникот приложува и ценовник и итинерер (означувањето на одреден правец на движење на превозното средство на определена линија).

**Член 31**

Дозволата за општински линиски превоз на патници се издава најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за нејзино издавање.

**Член 32**

Барањето за издавање на дозвола во општинскиот превоз на патници ќе биде одбиено ако барателот:

- не достави одобрен и регистриран возен ред;
- во рок од 30 дена од денот на одобрувањето на возниот ред не поднесе барање за издавање на дозвола;

-нема лиценца за вршење на линиски превоз на патници;
-нема доволен број на возила во сопственост (автобуси);
-нема најмалку по еден вработен возач во редовен работен однос по возило.

**Член 33**

Издадената дозвола може да му се одземе на превозникот ако:
-му е одземена лиценцата,
-престанала важноста на лиценцата и не е обезбедена нова,

-постапува спротивно на утврдената мрежа на линии,утврдениот возен ред,утврдениот тарифен систем,систем на наплата и начин и котрола на наплата,утврдената локација на автобуските терминали,свртувалишта и стојалишта,
-не ги одржува сите линии за кои има добиено дозвола,
-настанале промени во поглед на исполнувањето на условите врз основа на кои е одобрена линија за која е издадена дозвола(намалување на број на возила,возачи и сл,.)
-не го усогласи своето работење со одредбите на закони или други прописи донесени врз основа на закон во поглед на новоутврдени обврски за превозниците или услови на возилата,
-други случаи предвидени со закон и друг пропис донесен врз основа на закон.

**Член 34**

По истекот на рокот за кој е издадена дозволата, истата може да се продолжи.

Барањето за продолжување на важноста на дозволата се поднесува до Секторот за комунални работи, урабанизам, сообраќај и заштита на животната средина на Општина Кавадарци во рок од 30 дена пред истекот на рокот за општинскиот линиски превоз на патници.

Кон барањето за продолжување на важноста на дозволата превозникот покрај локациите од член 23 на оваа Одлука приложува и копие од издадената Дозвола чие продолжување се бара.

**Член 35**

Дозволата од член 31 на оваа Одлука нема да се продолжи ако:
- истекол рокот на важноста на лиценцата;
- нема доволен број на соодветни возила во сопственост (авотбуси) најмалку по еден возач во редовен работен однос по возило;
- ако во текот на важењето на дозволата извршил повреда на прописите за техничка исправност на возилата и времето на управување и одмор на возачите.

**Член 36**

Издадената дозвола за доделена линија ќе престане да важи пред истекот на рокот на важење:
-на барање на превозникот,
-престане потребата од вршењето на превозот на линијата,
-превозникот престанал да постои,

По исклучок од ставот (1) алинеја 3 на овој член, ќе се дозволипренос на дозвола од еден превозник на друг само во случај кога новиот превозник е правен следбеник на превозникот кој престанал да постои, доколку постои раздвојување на имотот на превозникот на два или повеќе нови превозници согласно со спогодбата за раздвојување заверена на нотар или согласно со решение на надлежен суд или врз основа на купопродажен договор меѓу двајцата превозници или друг правен акт од кој ќе се утврди промената на сопственоста на превозникот.

Рокот на важење на дозволата што се пренесува не може да се менува и истата важи до истекот на утврдениот рок.

**Член 37**

Изгубена, оштетена или дотраена дозвола може да биде заменета со нова на барање на превозникот.

Кон барањето за издавање на нова дозвола согласно став 1 на овој член превозникот приложува доказ од кој може да се утврди дека истата е изгубена, дотраена или оштетена.

## 8. НАДЗОР

**Член 38**

Надзор над спроведувањето на одредбите од оваа Одлука врши Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Кавадарци.

**Член 39**

Инспекциски надзор над примената на одредбите на оваа Одлука го вршат овластените инспектори за патен сообраќај на општина Кавадарци, кои преземаат соодветни мерки согласно Законот за превоз на патниот сообраќај.

**Член 40**

Постапката за распределба на линиите, ќе ја спроведе петточлена комисија формирана од Градоначалникот.

## 9. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените и прекршочните одредби пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 42**

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за општински линиски на патници во Општина Кавадарци бр.07-1189/8 од 19.04.2006 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници бр.08-4901/19 од 28.10.2010 година , Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници бр.08-272/5 од 30.01.2018година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патницибр.08-2175/7 од 24.04.2018 ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.13/2006,24/10,6/18 и 11/18).

**Член 43**

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци", а ќе започне да се применува од 1 септември 2022 година.

**Бр.08-2766/4**
**28.04.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина

Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. **Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.**

**Бр.09-3006/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 4 и член 64 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 став 2 од Законот за енергетска ефикасност(„Сл.весник на РСМ" бр.32/20 и 110/21) и член 132 став 1 од Статутот наОпштина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**За давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Кавадарци од страна на основачот Општина Кавадарци на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци (во понатамошниот текст –корисникот).

**Член 2**

Правото на користење на мрежата на јавното осветлување од членот 1 на оваа Одлука опфаќа располагање со мрежата на јавното осветлување, грижа за неговата уреденост и тековното одржување на електричната мрежа на јавно осветлување од страна на корисникот.

**Член 3**

Правото на користење на мрежата на јавно осветлување го сочинуваат:

-приклучоци од категорија LV1.1 – јавно осветлување светилките за улично осветлување, кои се определени како броила од категоријата LV1.1

поставени во сите урбани и месни заедници на територијата на Општина Кавадарци.

-нисконапонска надземна и подземна мрежа за гореневедените броила.

Листата со местата на потрошувачка за приклучоците од ставот 1 на овој член е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, да склучи договор со корисникот на ова право, со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски за доделеното правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Кавадарци.

По склучувањето на договорот, одговорното лице на давателот на ова право ќе поднесе барање до надлежниот орган за промена на корисник за местата на потрошувачка од листата од член 3 став 1 на оваа одлука.

**Член 5**

Превземањето на на мрежата на јавното осветлување ќе се изврши по истек на важење на Договорот за набавка на електрична енергија со арх.бр.19-3574/11 од 06.08.2021 година.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-2766/5**
**28.04.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. **Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.**

**Бр.09-3006/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02), член 84 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" број 15/15, 44/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на Република Македонија" број 193/16 и 72/18), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Службен гласник на општина Кавадарци број 08/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2022 ГОДИНА

## Член 1

Во Програмата за уредување на градежно земјиште со арх.бр.08-7333/10 од 24.12.2021 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.5/2022, 10/22), се врши следното дополнување:

Во глава VII -Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште по населби и зони,

-во став (6), СЕ ДОДАВА нова табела 5 (единечни цени по намена на објекти) која гласи:

"За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), 0,01 коефициент и

За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела, 0,01 коефициент."

Со следната клаузула која гласи:

За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во колона 5 став 1 на овој пропис.

За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во колона 5 став 2 на овој пропис.

(28.718,00 денари х 20%х 0,01=57,43 денари)

За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница„.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци."

Бр.08-2766/6
28.04.2022 година
К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
д-р Стојанчо Рамов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавни санитарни кабини во Општина Кавадарци за 2022 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавни санитарни кабини во Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. **Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.**

Бр.09-3006/7
29.04.2022 година
Кавадарци

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК,
д-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 5 став 15, член 7 став 3 од Законот за Комунални дејности („Сл.Весник на РМ„бр. 95/12), согласно Програмата за Комунални дејности за 2022 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.5/21), а во врска со Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник Општина Кавадарци„ бр. 4/17...65/20), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ КАБИНИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

### Член 1

Во Програмата за одржување на јавни санитарни кабини во Општина Кавадарци за 2022 година бр.08-1789/6 ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.9/22), се врши следната измена и дополнување:

Во член 1, глава – Вовед,
Во став 5, износот после точка 3, „ДДВ 18% = 179.712,00 денари.
ВКУПНО:1.178.112,00денари, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

ДДВ 5% = 49.920,00 денари.
ВКУПНО:1.048.320,00денари„

### Член 2

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2766/7** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2022 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. **Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.**

**Бр.09-3006/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ”бр. 32/20) и член 132, став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20, 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година**

**Член 1**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.5/21 и 9/22), се врши следната измена и дополнување:

Глава: IV. Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица, се додава една нова точка после точка 50, која гласи:

**51.,, Измена и дополна на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс „ФЕНИ ИНДУСТРИ", Локација 1-Топилница, за Блок 9, КО Шивец, Општина Кавадарци.**

Површина на планскиот опфат-~12,4 ха.

Граница на планскиот опфат:
-на север со дел од КП 1290/2 Шивец
-на исток со дел од КП 1290/2 Шивец
-на југ со дел од КП 1290/2 Шивец
-на запад со дел од КП 1290/2 Шивец

Намена:
-Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани;
Во наведената иницијатива може да се применува член 80 и 81 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20 и 219/21).

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2766/8**
**28.04.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука сопствено учество на Општина Кавадарци - Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција и пренамена на постојан објект во Кавадарци на ул.„7-ми Септември"**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци - Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција и пренамена на постојан објект во Кавадарци на ул.,,7-ми Септември", донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-3006/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци" бр. 08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

## О Д Л У К А

За сопствено учество на Општина Кавадарци - Локална самоуправа, во реализација на проектот

"Реконструкција и пренамена на постојан објект во Кавадарци на ул.,,7-ми Септември"

### Член 1

Општина Кавадарци - Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација на проектот "Реконструкција и пренамена на постојан објект во Кавадарци на ул.,,7-ми Септември" кој ќе го аплицира пред Биро за регионален развој.

### Член 2

Вкупната вредност на Проектот изнесува 9.536,893,28 денари со вклучен ДДВ, учеството на општината е во износ од 6.136,893,28 денари,

остатокот од 3.399.995,00 денари, е учество на Бирото за регионален развој на Република Македонија.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2022 година.

**Член 4**

Проектот опфаќа реконструкција и пренамена на постојан објект во Кавадарци на ул. „7ми Септември“, со цел згрижување на лица од социјално ранливи категории кои што имаат потреба од привремено домување.

**Член 5**

Се задолжува општинската администрација да ги превземе сите активности потребни за подготовка на апликативните форми.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци“.

**Бр.08-2766/9**
**28.04.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот “Реконструкција на водовод за населба Ресавски залив”**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци - Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на водовод за населба Ресавски залив", донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци" бр. 08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

## О Д Л У К А

За сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот
"Реконструкција на водовод за населба Ресавски залив"

### Член 1

Општина Кавадарци-Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација на проектот "Реконструкција на водовод за населба Ресавски залив" кој ќе го аплицира пред Биро за регионален развој.

### Член 2

Вкупната вредност на Проектот изнесува 4.984,869,00 денари со вклучен ДДВ, учеството на општината е во износ од 3.184,869,00 денари, остатокот 1.800.000,00 денари е учество на Бирото за регионален развој на Република Македонија.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2022 година.

**Член 4**

Проектот опфаќа реконструкција на водоводната мрежа во населба Ресавски залив и замена на постоечките дотраени и несоодветни водоводни профили.

**Член 5**

Се задолжува општинската администрација да ги превземе сите активности потребни за подготовка на апликативните форми.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци“.

**Бр.08-2766/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот “Реконструкција на локален пат во село Бохула”**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци - Локална самоуправа, во реализација на проектот “Реконструкција на локален пат во село Бохула”, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци" бр. 08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

За сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот
"Реконструкција на локален пат во село Бохула"

**Член 1**

Општина Кавадарци - Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат во село Бохула" кој ќе го аплицира пред Биро за регионален развој.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот изнесува 6.188,244,00 денари со вклучен ДДВ. Учеството на општината е во износ од 3.094,122,00 денари, остатокот од 3.094,122,00 денари е учество на Бирото за регионален развој на Република Македонија.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2022 година.

**Член 4**

Проектот опфаќа реконструкција на локален пат во село Бохула во должина од 600 метри.

**Член 5**

Се задолжува општинската администрација да ги превземе сите активности потребни за подготовка на апликативните форми.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци“.

Бр.08-2766/11
28.04.2022 година
К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
д-р Стојанчо Рамов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот “Изградба на сервисна улица „Вељко Влаховиќ“ од ДУП за дел од УЕ 5, блок 5.9, „Вељко Влаховиќ“, КО Кавадарци 2”**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци - Локална самоуправа, во реализација на проектот “Изградба на сервисна улица „Вељко Влаховиќ“ од ДУП за дел од УЕ 5, блок 5.9, „Вељко Влаховиќ“, КО Кавадарци 2”, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-3006/12
29.04.2022 година
Кавадарци

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК,
д-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци" бр. 08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

За сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот

"Изградба на сервисна улица „Вељко Влаховиќ" од ДУП за дел од УЕ 5, блок 5.9, „Вељко Влаховиќ", КО Кавадарци 2"

**Член 1**

Општина Кавадарци - Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација на проектот "Изградба на сервисна улица „Вељко Влаховиќ" од ДУП за дел од УЕ 5, блок 5.9, „Вељко Влаховиќ", КО Кавадарци 2" кој ќе го аплицира пред Министерството за локална самоуправа.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот изнесува 9.681.281,36 денари со вклучен ДДВ, учеството на општината е во износ од 4.840.640,68 денари, остатокот од 4.840.640,68 денари, е учество на Министерството за локална самоуправа.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2022 година.

**Член 4**

Проектот опфаќа Изградба на сервисна улица "Вељко Влаховиќ" во должина од 168,60 метри.

**Член 5**

Се задолжува општинската администрација да ги превземе сите активности потребни за подготовка на апликативните форми.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци“.

Бр.08-2766/12
28.04.2022 година
К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2022 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/13**
**29.04.2022 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци“ бр. 08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Кавадарци го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2022 година.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за купување на велосипед по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

**Член 3**

Финансиските средства во вкупен износ од 300.000,00 денари за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година во Програма ГА, конто 464990 .

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди се утврдени во Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства со намена за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Кавадарци за купување на велосипеди, донесен од Совет на Општина Кавадарци бр.08-4989/8 од 25.09.2020 („Сл.Гласник на општина Кавадарци„ бр.63/20).

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци“.

**Бр.08-2766/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на Здружение на Тиквешки Семејни Винарии**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на Здружение на Тиквешки Семејни Винарии, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а согласно Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци 5/21, 6/22, 8/22, 9/22/), Записник од Комисијата за локален економски развој со арх.бр.08-1429 од 23.02.2022 година, и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

# О Д Л У К А

## За одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на Здружение на Тиквешки Семејни Винарии

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства на Здружение на Тиквешки Семејни Винарии во износ од 1.000.000,00 денари (еден милион), со намена поддршка на семејни винарии на територијата на Општина Кавадарци.

### Член 2

Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се исплатат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, Програма Г1, конто 464990 на Здружение на Тиквешки Семејни Винарии на следната жиро сметка ,

-250-0010040614-67 , депонент Шпаркасе банка АД Македонија Скопје.

### Член 3

Здружението на Тиквешки Семејни Винарии финансиските средства од член 1 на оваа одлука треба да ги користи строго наменски во согласност со Програмата на Здружението на Тиквешки Семејни Винарии со арх.бр.1411/1 од 18.02.2022 година .

**Член 4**

Се задолжува Здружението на Тиквешки Семејни Винарии до Совет на Општина Кавадарци да достави Извештај за наменско користење на средствата одобрени од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 2766/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на општина Кавадарци за 2022 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за од Законот за експропријација („Сл.весник на РМ”бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци”бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација**
**во Буџетот на општина Кавадарци за 2022 година**

**Член 1**

Во Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година бр.08-7333/8 од 24.12.2021 година („Сл.гласник на Општина Кавадарци“бр.5/2021), бр.08-2127/6 од 31.03.2022 година („Сл.гласник на Општина Кавадарци“бр.10/2022), се врши следната измена и дополнување:

I.

Во член 1 износот од „10.000.000,00 денари“ СЕ ЗАМЕНУВА со износ од „15.000.000,00 денари“.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-2766/15**
**28.04.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање со Заклучок**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање за Заклучок, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 3, 4, 37, 38 и 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

# О Д Л У К А

## за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање

### Член 1

Да се дадат во закуп недвижните ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци 2, запишани во Имотен лист број 15775 издаден од Агенција за катастар на недвижности бр.1105-5984/2022 од 27.04.2022 година по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18) и тоа:

- Зграда број 1, намена - деловна зграда, влез 1, приземје, со внатрешна корисна површина од 73 м2 ул.„Вишешница“бб;
- Зграда број 2, намена - Д3-13 (други спортски и рекреативни објекти), влез 1, приземје, со внатрешна корисна површина од 96 м2 ул.„Вишешница“бб;
- Зграда број 3, намена - Д3-13 (други спортски и рекреативни објекти), влез 1, приземје, со внатрешна корисна површина од 4 м2 ул.„Вишешница“бб;
- Зграда број 4, намена - Д3-13 (други спортски и рекреативни објекти), влез 1, приземје, со внатрешна корисна површина од 116 м2 ул.„Вишешница“бб ;
- Зграда број 5, намена - Д3-2 ( базен за пливање), влез 1, приземје, со волумен од 3541 м3 ул. „Вишешница“ бб ;
- Зграда број 6, намена - Д3-2 ( базен за пливање ), влез 1, приземје, со волумен од 158 м3 ул.„Вишешница“бб;

Објектите од став 1 на овој член наведени во алинеите 5 и 6 се издаваат наполнети со вода.

### Член 2

Проценетата вредност на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај за процена на недвижен имот бр.220 од 19.04.2022 година изработен од АБЦ – Бротхер ДООЕЛ Скопје и наш деловоден бр.19-413/16 од 21.04.2022 година и истата е во износ од 13.859.702,00 денари.

**Член 3**

Висината на почетната месечна закупнина за недвижните ствари од член 1 од оваа одлука изнесува 69.299,00 денари, а износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 277.194,00 денари.

**Член 4**

Објавата за издавање во закуп на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- недвижната ствар која е предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, кататстарка општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);
- урбанистичко –планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на закуп;
- почетната цена за движната ствар која е предмет на закуп;
- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;
- време на започнување на јавното наддавање;
- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;
- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;
- банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;
- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари;
- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и
- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.

**Член 5**

Недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука се даваат во закуп за период од 3 месеци - Јуни, Јули и Август 2022 година.

**Член 6**

Со најповолниот понудувач во постапката на електронското јавно наддавање Градоначалникот склучува Договор заверен кај нотар.

**Член 7**

Закупецот на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука истите не може да ги даде во подзакуп.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2766/16**
**28.04.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), расправајки по Одлука за за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци 2 (Градски Базен) во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-тата седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Кавадарци го задолжува Сојуз на спортови на град Кавадарци, да обезбеди организирање на бесплатна пливачка школа за деца на возраст од 6 до 10 години, на Градски Базен за сезоната 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Кавадарци “,,.

**Бр. 08-2766/16** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2022 година** | **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** | **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање**
**Согласност за судско порамнување МАЛВП-17/2022**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање Согласност за судско порамнување МАЛВП-17/2022, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/17** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** | **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци“ бр. 08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

# О Д Л У К А

## За давање Согласност за судско порамнување

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава Согласност за склучување Судско порамнување за предметот кој пред Основен суд Кавадарци се води под бр. МАЛВП-17/2022 каде како Тужител се јавува Тасева Благица од Кавадарци, со адреса на живеење на Ул.„Блажо Алексов"бр. 3 Кавадарци со ЕМБГ 3003967488038, преку Полномошник Адвокат Златко Ѓорѓиев од Кавадарци со седиште на ул. Крсте Мисирков бр.57 Кавадарци, а како тужени Општина Кавадарци, застапувана од Градоначалникот д-р Митко Јанчев од Кавадарци, и Јавното Претпријатие за комунални работи „КОМУНАЛЕЦ"Кавадарци, застапувано од законскиот застапник Ѓорѓи Поп Ицов, на име Надомест на нематеријална штета, во вкупен износ од 90.300,00 денари.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, преку полномошник-адвокат, да постигне спогодба и да склучи судско порамнување со следната содржина:

## С У Д С К О П О Р А М Н У В А Њ Е

1.Тужителот преку полномошник Адвокат Златко Ѓорѓиев од Кавадарци се откажува од дел од тужбеното барање на име побарување на нематеријална штета за износ од 90.300,00 денари со кое Тужените се задолжуваат солидарно да исплатат справедлив паричен надомест на Тужителот, а останува за остатокот на тужбено барање во износ од 50.000,00 денари.

2.Тужените Општина Кавадарци и Јавно Претпријатие за комунални работи „КОМУНАЛЕЦ" Кавадарци, СОГЛАСНИ СЕ со вака прецизираното тужбено барање за износ од 50.000,00 денари на тужителот по основ на справедлив паричен надомест за претрпена нематеријална штета и истовремено потврдуваат дека СЕ СОГЛАСНИ солидарно, во рок од 15 дена сметано од денот на заклучувањето на ова судско порамнување, на име нематеријална штета на Тужителот да му исплата вкупен износ од

50.000,00 денари, зголемен за износот на трошоците на постапката во износ од 9.760,00 денари на име адвокатски трошоци и 8.888,00 денари за трошоци за вештачење, под страв на присилно извршување. Овој износ да му го исплатат на Тужителот на неговата трансакциона сметка, а Адвокатските трошоци во износ од 9.760,00 денари зголемен за трошоците за вештачење во износ од 8.888,00 денари да се исплатат на Адвокат Златко Ѓорѓиев на неговата сметка.

3. Ова судско порамнување го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под МАЛВП-17/2022, па двете страни потврдуваат дека повеќе немаат никакви взаемни побарувања или долгувања по основ на штетниот настан предмет на овој спор.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци".

**Бр.08-2766/17**
**28.04.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски ВПП.бр.6/22 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски ВПП.бр.6/22 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на

Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци“ бр. 08/05...75/21),
Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски ВПП.бр.6/22 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.6/22, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.6/22 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од кп.бр.13924/2 м.в.„Белите Камења”култура 70000 со новоформирана кп.бр.13924/17 во површина од 23м2 со право на сосопственост од по 1/2 на Костов Маријан од Кавадарци со адреса на улица „Кочо Рацин”бр.5/2/21 и Костов Цветан од Кавадарци со адреса на ул.„Диме Поп Атанасов” бр.7 по имотен лист бр.11342 КО Кавадарци 2,заради градење на дел од улица„Бел Камен’ предвидена по ДУП за дел од УБ 18К и УБ 19К

населба „Бел Камен"2013-2018,согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-483 од 15.03.2019 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци,по предходно изготвен Геодетски елаборат за геодетски работи со посебни намени за реализација на урбанистички план (ДУП за дел од УБ18К и УБ19К населба Бел Камен 2013-2018 – улици) нумерички податоци за експропријација во КО Кавадарци град со деловоден бр.0801/51/2018 од 01.03.2018 година изработен од „ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ"ДООЕЛ Кавадарци,чиј инвеститор е Општина Кавадарци -Локална Самоуправа.

2. Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да им исплати на противниците,износ од 1.537,50 ден./м2 односно за 23 м2 надоместок во вкупен износ од 35.362,50 денари.

3. Противниците се согласени надоместокот во износ од 35.362,50 денари предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба,на трансакциска сметка на противниците.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.6/22.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП бр.6/22 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци".

**Бр.08-2766/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски ВПП.бр. 4/22 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски ВПП.бр.4/22 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци“ бр. 08/05...75/21),
Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**ОДЛУКА**

**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.4/22 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.4/22, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.4/22 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиштедел од кп.бр.6690/1 м.в.„Паркот“ култура 11000 со новоформирана кп.бр.6690/14 во површина од 404 м2 со право на сосопственост од 1/12 на Гошева Марика од Струмица ул.„В.Китанов“бр.16, 4/12 на Коцев Кирил од Кавадарци ул.„Д.Габерот“бр.10, 1/12 на Весна Матрапазовски Синтисо место на живеење во Загреб, Р.Хрватска,на Корчуланска улица 6, и Мирјана Матрапазовски Кукурузовиќ со место на живеење во Загреб, Р.Хрватска на Тијардовиќева улица8,ќерки и законски наследници на оставителот Зорка Лазар Матрапазовска од Медвешчак Загреб, Р.Хрватска согласно Наследно решение УДР.бр.20/22 и О.бр.825/21 од 23.03.2022 година на нотар Митко Милков Кавадарци, 2/12 на Панчо Ридов од Кавадарци ул.„Блажо Алексов“бр.27А син на оставителот Павлина Ридова од Кавадарци согласно Наследно решениеУДР.бр.10/22 и О.бр.138/22 од 01.03.2022 година на нотар Наталија Кујунџиева Кавадарци, и 4/12 на Урошева Иванка од Кавадарци ул.„7 ми Септември“бр.89А, по Имотен лист бр.324 КО Кавадарци – вон град,согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-277 од 08.04.2021 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на дел од улица „Дисанска“ предвидена со ДУП за локалитет „Парк” 2001 - 2006 Кавадарцисогласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени Нумерички податоци за реализација на урбанистички планови и урбанистичко - планска документација КО Кавадарци – вон град со деловоден број 0802-393 од 15.10.2020 година изработен од ТДГР„ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР“ ДООЕЛ Кавадарци.

2. Странките на Судската Спогодба се согласни за експропријаното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да им исплати на противниците износ од 1.107,00 ден./м2 односно за 404 м2 надоместок во вкупен износ од 447.228,00 денари, согласно нивните идеални делови и тоа наЃошева Марика од Струмица износ од 37.269,00 денари, на Коцев Кирил од Кавадарци износ од 149.076,00 денари,

на Весна Матрапазовски Синти од Загребизнос од 18.635,00 денари, на Мирјана Матрапазовски Кукурузовиќ од Загреб износ од 18.635,00 денари, на Панчо Ридов од Кавадарци износ од 74.538,00 денари и на Урошева Иванка од Кавадарци износ од 149.076,00 денари.

3. Противницитесе согласни надоместокот во вкупен износ од 447.228,00 денари предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 90 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциска сметка на противниците.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.4/22.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.4/22 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци“.

**Бр.08-2766/19**
**28.04.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука изменување и дополнуваање на Одлуката за класификација на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнуваање на Одлуката за класификација на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/20** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 65 став 14 од Законот за спортот („Сл.весник на Република Македонија“ бр.29/02, ...., 190/16“ и „Сл.весник на РСМ„52/19, .... 244/19), член 4 од Правилникот за начинот на користење на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци“ бр.47/2019, 73/21), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнуваање на Одлуката за класификација на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за класификација на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци со арх.бр. бр.08-6732/10 од 12.12.2019 година („Службен Гласник на Општина Кавадарци" бр.47/2019), се врши следната измена и дополнување:

Во член 4, во табела 1, во точка 8 , во графата „Класификација „ текстот СЕ МЕНУВА и гласи:
„Училишна сала и кошаркарско игралиште„.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2766/20**
**28.04.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за трговија, услуги, производство и транспорт "Тиквеш Инвест" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за трговија, услуги, производство и транспорт "Тиквеш Инвест" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, донесена

на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/21** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства („Сл.весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на РМ„ бр.05/02.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за трговија, услуги, производство и транспорт "Тиквеш Инвест" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација - услуга извршување на градежни работи – расчистување со багер на речното корито на локација Кавадарци - Марена, од страна на давателот на донацијата Друштво за трговија, услуги, производство и транспорт "Тиквеш Инвест" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, заради остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа за уредување на просторот, уредувањето на градежното земјиште и заштита на животната средина и природата, согласно член 22 ст.1 ал.1 и 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е во висина од **377.600,00 денари** со вкалкулиран ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Општината како примател на донацијата, ќе склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 2766/21**
**28.04.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги “ЈА-МИ” експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги “ЈА-МИ” експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/22**
**29.04.2022 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ,, бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства („Сл.весник на РМ,, бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на РМ,, бр.05/02.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација - услуга извршување на градежни работи - чистење на на Тенеќе маало во Општина Кавадарци, од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги ЈА-МИ експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци, заради остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа за уредување на просторот, уредувањето на градежното земјиште и заштита на животната средина и природата, согласно член 22 ст.1 ал.1 и 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е во висина од **94.400,00 денари** со вкалкулиран ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Општината како примател на донацијата, ке склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 2766/22**
**28.04.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/23** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/2002), Записник од Комисија за финансии и буџет бр.08-2822/2 од 27.04.2022 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05...75/21) ,

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 120.000 денари на лицето Никола Ристов ул.„Словенска„ бр.29 од Кавадарци, за помош на семејството од социјален карактер.

**Член 2**

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на лицето Никола Ристов на следната трансакциона сметка:

-200000904007982 депонент Стопанска Банка АД Скопје со ЕМБГ:2408961483049 .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2766/23** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2022 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Решение за формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво и жени менаџерки во општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Решение за формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво и жени менаџерки во општина Кавадарци, донесено на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3006/24** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002), и член 132 став 3 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци”бр.8/05...... 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 28.04.2022 година, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво и жени менаџерки во општина Кавадарци**

**Член 1**

Со ова Решение се формира Совет за поддршка на женско претприемништво и жени менаџерки во општина Кавадарци, заради поттикнување и подршка на актуелните и потенцијалните жени претприемачи во општина Кавадарци (во понатамошниот текст Советот).

**Член 2**

Советот за поддршка на женско претприемништво и жени менаџерки во општина Кавадарци е составен од претставници на здруженија, организации и експерти од областа на претприемништвото.

Советот за поддршка на женско претприемништво и жени менаџерки во општина Кавадарци е отворен за соработка и со други субјекти, кои по потреба ќе ги вклучува во својата работа при разгледување на одредени прашања и проблеми од областа за кое е основано.

**Член 3**

Советот го сочинуваат 11 членови. Членовите на Советот од својот состав избираат претседател и двајца негови заменици.

За членови во Советот се избираат:

1.Пенка Мукаетова-сопственик и генерален менаџер во консултанска компанија ;
2.Јанинка Чупарковска-косопственик на „Кожувчанка“Кавадарци;
3.Веселка Јанчева- косопственик на „Кожувчанка“Кавадарци;
4. Љупка Тодорова – косопственик на „Градба Промет“Кавадарци;

5.Благица Велкова-сопственик и директор на „Свит Арт“Кавадарци;
6.Василка Печкова – сопственик на „Те-фи Текст“Кавадарци;
7. Роска Клинчарова-сопственик на семејна винарија „Клинчарови“;
8.Леонора Анџелкова-сопственик на училиште за странски јазици „Некст левел“;
